УПРАВЕН СУД
Су.Бр. 01.бр.0102-7/24
07.02.2024 година
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
GJYKATA ADMINISTRATIVE
SHKUP

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА УПРАВЕН СУД ЗА 2023 ГОДИНА

Скопје, февруари 2024 година

Содржина


*1. Предметно работење на ниво на суд ........................................................................ 4*

1.1 Годишен извештај за 2023 за работата на Управен суд ........................................ 4

*2. Судска управа................................................................................................................ 5*

*3. Квалитет на предмети на ниво на суд........................................................................ 5*

*4. Предметно работење на ниво на оддел .................................................................... 6*

**4.1. Состојба со предметите во одделот за имотно – правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права**.............6

4.1.1 Состојба со предметите во одделот за имотно-правна област, денационализација урбанизмот, градежништвото и други сродни права...........................................................................................................6

**4.2 Состојба со предмети во одделот на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување, царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права........................................................................................................................ 6**

4.2.1 Состојба со предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права ....................................................................................7

4.2.2 Состојба со предметите од областа на царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права .................................................................................................7

**4.3 Состојба со предмети во одделот за финансиски прашања и други сродни права.................................................................................................................................. 8**

*5. Квалитет на предмети на ниво на оддел ................................................................... 8*

**5.1 Оддел за имотно – правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права**.................................................................8

5.1.1 Предмети од имотно-правна областа, денационализација, урбанизмот, градежништвото и други сродни права ...............................................................................8

**5.2 Оддел на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување, царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права ................................ 9**

5.2.1 Предмети од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права...................................................................................................9

5.2.2 Предмети од областа на царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права ...................................................................................................................9

**5.3 Оддел финансиски прашања и други сродни права............................................. 9**

*6. Состојба со стари предмети во 2023 година ..............................................10*

*7. Кратки констатанции за просторните капацитети, информатичката технологија и човечките ресурси ...........................................................11*

**7.1 Услови за работа од гледна точка на човечки ресурси....................................... 11**

**7.2 Опременост и одржување на зградата на Судот ............................................... 12**

**7.3 Состојба и активности во делот на информатичката технологија .................. 14**

**7.4 Односи со јавност ........................................................................................................ 15**

7.4.1 Број на примени и одговорени барања по Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, начин на постапување и одговарање ............................. 16

7.4.2 Објавени соопштенија за јавност, прес конференции, јавни настани и отворени денови организирани од судот.......................................................................................16

**7.5 Јавни набавки ............................................................................................................ 17**

***8.Резиме.......................................................................................................................20***

# 1. Предметно работење на ниво на суд

## 1.1. Годишен извештај за 2023 за работата на Управен суд

Врз основа на генерирани статистички податоци од информацискиот системот за автоматско управување со судски предметите добиени се податоците кои се содржани во Табела 1. и тоа поделени по уписник.

| Област | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на предмет | Управни спорови, управна област и управни прекршоци | | | | | | |
| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
| У - 1 | 522 | 746 | 21 | 6 | 1283 | 533 | 750 |
| У - 2 | 412 | 363 | 13 | 0 | 788 | 534 | 254 |
| У - 3 | 426 | 494 | 27 | 1 | 946 | 417 | 529 |
| У - 4 | 465 | 577 | 18 | 0 | 1060 | 670 | 390 |
| У - 5 | 1961 | 1725 | 33 | 14 | 3705 | 2033 | 1672 |
| У - 6 | 866 | 675 | 14 | 2 | 1553 | 1074 | 479 |
| УРП | 13 | 21 | 4 | 0 | 38 | 29 | 9 |
| УСПИ | 7 | 1 | 4 | 1 | 11 | 11 | 0 |
| УПР | 413 | 526 | 30 | 2 | 967 | 726 | 241 |
| УПРЦ | 79 | 50 | 14 | 0 | 143 | 119 | 24 |
| УПРД | 4 | 7 | 0 | 0 | 11 | 9 | 2 |
| УПРК | 21 | 14 | 0 | 0 | 35 | 29 | 6 |
| Вкупно - вид на предмет | 5189 | 5199 | 178 | 26 | 10540 | 6184 | 4356 |
| **Вкупно - област** | **5189** | **5199** | **178** | **26** | **10540** | **6184** | **4356** |

**Табела 1**

На почетокот на 2023 година останати нерешени предмети од претходната година се 5189 предмети, вкупно за сите уписници. Во текот на 2023 година новопримени се 5199 предмети додека повторно заведени се 178 предмети по различни основи. Од овде произлегува дека вкупно во работа во 2023 година биле 10540 предмети не земајќи ги предвид 26 предмети кои добиле статус на погрешно заведени предмети. Со оглед на фактот дека во 2023 година решени се 6184 предмети, на крај на годината вкупниот број на остаток на нерешени предмети е 4356 предмети.

## 2. Судска управа

| Област | Судска управа и претставки и поплаки | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на предмет | Судска управа и претставки и поплаки | | | | | |
| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени и повторно заведени | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |

| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени и повторно заведени | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ | 4 | 1186 | 0 | 0 | 1190 | 1134 | 56 |
| СУ-ДОВ | 0 | 14 | 0 | 0 | 14 | 14 | 0 |
| СПИ | 2 | 24 | 0 | 0 | 26 | 21 | 5 |
| УПП | 53 | 538 | 0 | 0 | 591 | 538 | 53 |
| Вкупно - вид на предмет | 59 | 1762 | 0 | 0 | 1821 | 1707 | 114 |
| Вкупно - област | **59** | **1762** | **0** | **0** | **1821** | **1707** | **114** |

**Табела 2**

Во анализираниот период, од предметите што се однесуваат на судската управа, примени се 1186 предмети, евидентирани во уписниците „СУ", „СУ-01", „СУ-02", „СУ-03", „СУ-04", „СУ-05", „СУ-07", „СУ-ИЗЗ", „СУ-СТР-ДОВ", додека 14 предмети од уписникот „СУ-ДОВ" , решени се 1148 предмети, имајќи го предвид и остатокот од претходната година, на крајот на 2023 година останале 56 нерешени предмети. Во уписникот „УПП" се евидентирани 538 новопримени предмети, решени се 538 предмети, имајќи го предвид и остатокот од претходната година, на крајот на 2023 година останале 53 нерешени предмети, додека во уписникот „СПИ" се евидентирани 24 новопримени предмети, решени се 21 предмети, имајќи го предвид и остатокот од претходната година, на крајот на годината има остаток 5 нерешени предмети како што е прикажано погоре во табела 2.

## 3. Квалитет на предметите на ниво на суд

Во 2023 година од Вишиот управен суд примени се вкупно 2131 предмети по кои е донесена одлука по жалба, од кои 1655 потврдени одлуки, 224 преиначени, 165 укинати, 1 делумно потврден, 84 отфрлени и 2 предмети заведени со одлука друго што може да се види во табелата 3.

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 2131 | |
| Потврдени | 1655 | 77,7% |
| Преиначени | 224 | 10,5% |
| Укинати | 165 | 7,7% |
| Делумно укинати | 1 | 0,05% |
| Отфрлени | 84 | 3,95% |
| Друго | 2 | 0.1% |

**Табела 3**

## 4. Предметно работење на ниво на оддел

### 4.1. Состојба со предметите во одделот за имотно – правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права

Во рамките на овој оддел се формирани 2 (два) совети кои постапуваат и одлучуваат по предмети од имотно-правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права

#### *4.1.1. Состојба со предметите од имотно – правната област,* денационализација, *урбанизмот, градежништвоо и други сродни права*

| УПИСНИК | Нерешени | Новопримени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни прекршоци-разни "УПР" | 94 | 139 | 1 | 232 | 178 | 54 |
| Управни прекршоци-конкуренција "УПРК" | 3 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| Разни управни предмети-"УРП" | 3 | 2 | 0 | 5 | 4 | 1 |
| Барање на заштита на основни права и слободи "УСПИ" | 3 | 2 | 0 | 5 | 5 | 0 |
| Управни спорови од имотно-правна област и други права "У1" | 522 | 767 | 6 | 1283 | 533 | 750 |
| Управни спорови од денационализација и други права "У-2" | 412 | 376 | 0 | 788 | 534 | 254 |
| Управни спорови од урбанизам и градежништво и други права "У-3" | 426 | 521 | 1 | 946 | 417 | 529 |
| ВКУПНО | 1463 | 1807 | 8 | 3262 | 1674 | 1588 |

Табела 4

### 4.2. Состојба со предметите во одделот за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување, царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права

Во овој оддел функционираат три совета, од кои едниот е надлежен за предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други права, а другите два за предметите од областа на царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права.

### *4.2.1. Состојба со предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права*

| УПИСНИК | Нерешени | Новопримени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни прекршоци-разни **“УПР”** | 44 | 66 | 0 | 110 | 89 | 21 |
| Управни прекршоци-конкуренција **“УПРК”** | 6 | 3 | 0 | 9 | 7 | 2 |
| Разни управни предмети-**“УРП”** | 3 | 1 | 0 | 4 | 3 | 1 |
| Управни спорови од областа на пензиите, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права **"У-4"** | 465 | 595 | 0 | 1060 | 670 | 390 |
| **ВКУПНО** | 518 | 665 | 0 | 1183 | 769 | 414 |

**Табела 5**

### *4.2.2.Состојба со предметите од областа на царини , концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права*

| УПИСНИК | Нерешени | Новопримени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни прекршоци-царина **"УПРЦ"** | 79 | 64 | 0 | 143 | 119 | 24 |
| Управни прекршоци-разни **“УПР”** | 101 | 153 | 1 | 253 | 193 | 60 |
| Управни прекршоци-конкуренција **“УПРК”** | 12 | 10 | 0 | 22 | 18 | 4 |
| Разни управни предмети-**“УРП”** | 4 | 18 | 0 | 22 | 18 | 4 |
| Барање на заштита на основни права и слободи **“УСПИ”** | 0 | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| Управни спорови од областа на царина и други права **"У-6"** | 866 | 689 | 2 | 1553 | 1074 | 479 |
| **Вкупно - судија** | 1062 | 936 | 4 | 1994 | 1423 | 571 |

**Табела 6**

### 4.3. Состојба со предметите во одделот за финансиски прашања и други сродни права

| УПИСНИК | Нерешени | Новопримени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни прекршоци-разни **"УПР"** | 174 | 198 | 0 | 372 | 266 | 106 |
| Управни прекршоци-конкуренција **"УПРК"** | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| Управни прекршоци-даноци **"УПРД"** | 4 | 7 | 0 | 11 | 9 | 2 |
| Разни управни предмети-**"УРП"** | 3 | 4 | 0 | 7 | 4 | 3 |
| Барање на заштита на основни права и слободи **"УСПИ"** | 4 | 1 | 0 | 5 | 5 | 0 |
| Управни спорови од областа на даноци и други права **"У-5"** | 1961 | 1758 | 14 | 3705 | 2033 | 1672 |
| **ВКУПНО** | 2146 | 1969 | 14 | 4101 | 2318 | 1783 |

**Табела 7**

## 5. Квалитет на предмети на ниво на оддел

Во 2023 година, во Управен суд се поднесени 2625 жалби, а од Вишиот управен суд, со второстепени одлуки се вратени 2131 предмети.

Состојбата со примени предмети со второстепени одлуки од Вишиот управен суд, табеларно на ниво на оддели е прикажана во следните табели

### 5.1. Оддел за имотно – правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права

#### *5.1.1. Предмети од имотно – правна област,* денационализација, *урбанизмот, градежништво и други сродни права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 646 | |
| Потврдени | 449 | 69.50% |
| Преиначени | 83 | 12.85% |
| Укинати | 60 | 9.29% |
| Делумно укинати | 1 | 0.15% |
| Отфрлени | 52 | 8.05% |
| Друго | 1 | 0.16% |

**Табела 8**

## 5.2. Оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување , царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права

### *5.2.1. Предмети од областа на пензиите и правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 144 | |
| Потврдени | 86 | 59.72% |
| Преиначени | 28 | 19.44% |
| Укинати | 22 | 15.28% |
| Делумно укинати | 0 | 0.00% |
| Отфрлени | 8 | 5.56% |
| Друго | 0 | 0.00% |

**Табела 9**

### *5.2.2. Предмети од областа на царините , концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 947 | |
| Потврдени | 821 | 86.69% |
| Преиначени | 77 | 8.14% |
| Укинати | 40 | 4.22% |
| Делумно укинати | 0 | 0.00% |
| Отфрлени | 9 | 0.95% |
| Друго | 0 | 0.00% |

**Табела 10**

## *5.3. Оддел за финансиски прашања и други сродни права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 394 | |
| Потврдени | 299 | 75.89% |
| Преиначени | 36 | 9.14% |
| Укинати | 43 | 10.91% |
| Делумно укинати | 0 | 0.00% |
| Отфрлени | 15 | 3.81% |
| Друго | 1 | 0.25% |

**Табела 11**

## 6. Состојба со стари предмети во 2023 година

Во текот на 2023 година, новопримени се 256 стари предмети, земајќи ги во предвид 143 останати стари предмети од претходниот период, вкупно во работа биле 399 стари предмети. Решени се 368 стари предмети и од овде следи дека на крај на 2023 година остаток стари нерешени предмети се 31 кое нешто е приложено во табела 12.

| УПИСНИК | Нерешени предмети на почеток на година | Предмети што добиле статус на стари | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Остаток стари нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови од имотно -правна област и други права "**У-1**" | 5 | 15 | 20 | 11 | 9 |
| Управни спорови од денационализација и други права "**У-2**" | 4 | 22 | 26 | 22 | 4 |
| Управни спорови од урбанизам, градежништво и други права "**У-3**" | 7 | 25 | 32 | 26 | 6 |
| Управни спорови од пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права "**У-4**" | 0 | 20 | 20 | 18 | 2 |
| Управни спорови од јавни набавки и други права "**У-5**" | 3 | 79 | 82 | 78 | 4 |
| 170У174п58р116авни спорови од царина и други права "**У-6**" | 116 | 58 | 174 | 172 | 2 |
| Разни управни предмети "**УРП**" | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| Барање за заштита на основни слободи и права "**УСПИ**" | 5 | 4 | 9 | 9 | 0 |
| Прекршоци "**УПР**" | 1 | 25 | 26 | 22 | 4 |
| Прекршоци "**УПРД**" | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| Прекршоци "**УПРЦ**" | 1 | 7 | 8 | 8 | 0 |
| Прекршоци "**УПРК**" | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 143 | 256 | 399 | 368 | 31 |

**Табела 12**

## 7. Кратки констатанции за просторните капацитети, информатичката технологијаа и човечки ресурси

### *7.1. Услови за работа од гледна точка на човечки ресурси*

Со состојба на 31.12.2023 година, во Управниот суд се пополнети вкупно 28 судиски места, вклучувајќи го и Претседателот на Судот, од вкупно предвидените 33 судиски места, вклучувајќи го и Претседателот на Судот, а согласно Одлуката на Судскиот совет на Република Македонија. Воедно, судијата Исмета Амет на која и мируваше судиската функција поради избор за претседател на Вишиот управен суд, сметано од 09.11.2023 година со Одлука бр.02-2208/1 на Судскиот совет на РСМ, продолжи да ја врши функцијата судија на Управниот суд.

Во делот на судската служба, согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Управниот суд, заклучно со 31.12.2023 година, се предвидени вкупно 171 работни места, од кои 83 се пополнети – во кои се вклучени и 13 судски службеници вработени во Судот на определено работно време заклучно со 31.12.2023 година, додека 88 останаа непополнети.

Во текот на 2023 година беа спроведени 3 (три) јавни огласи за вработување на судски службеници – како на неопределено, така и на определено работно време.

Воедно, во извештајната година на 5 (пет) судски службеници им престана работниот однос и тоа:

- на 2 (двајца) судски службеници по пат на нивно барање согласно членот 107 став 1 точка 2 од Законот за судската служба;
- на 1 (еден) судски службеник по сила на закон согласно членот 107 став 1 точка 3 од Законот за судската служба;
- на 1 (еден) судски службеник поради исполнување на услови за стекнување право на инвалидска пензија согласно членот 107 став 1 точка 4 од Законот за судската служба;
- на 1 (еден) судски службеник во други случаи утврени со овој или друг закон и колективен договор согласно членот 107 став 1 точка 4 од Законот за судската служба.

Во текот на месец декември 2023 година, Управниот суд во постапка на мобилност преку превземање од друг суд, спроведе превземање на службеник од Основниот граѓански суд во Скопје, со звање „Раководител на оддел за финансиски прашања и други сродни права“.

Во текот на 2023 година на 13 лица со кои беше склучен договор за вработување на определено работно време, заклучно со 31.12.2023 година им престана работниот однос во Управниот суд и тоа: на 3 (три) помлади судски соработници, 4 (четири) судски референти за обработка на документација - дактилографи и 6 (шест) помлади судски референти - извршители во писраница.

Заклучно со 31.12.2023 година, во Управниот суд беа вработени вкупно 83 лица во рамките на судската служба – вклучувајќи ги и судските службеници вработени на определено работно време и тоа:

- 1 судски администратор
- 3 раководни судски службеници и тоа: 1 самостоен судски советник, 1 раководител на оддел за финансиски прашања и други сродни права и 1 раководител на одделение за информатика;
- 30 стручни судски службеници и тоа: 12 судски советници, 2 советници, 4 виши судски соработници, 6 судски соработници и 6 помлади судски соработници;
- 42 помошно-стручни судски службеници и тоа: 4 самостојни судски референти, 21 виши судски референти, 8 судски референти и 9 помлади судски референти;
- 2 вработени лица кои вршат технички и помошни работи – оператор на телефонска централа и хигиеничар;
- 5 припадници на судската полиција: 1 командир на судска полиција и 4 припадници на судска полиција.

Имајќи ја предвид ваквата состојба по однос на кадровската екипираност на Судот во делот на судската служба, а од друга страна вкупниот број на предмети кои се во работа во Судот, земајќи го во предвид и бројот на предвидени работни места во актот за систематизација на работните места во Управниот суд, констатирано е дека не е постигната доекипраност на Судот, согласно истата.

Поради вака констатираната состојба, во текот на 2023 година, врз основа на добиена согласност од од Судскиот буџетски совет, беше реализирано пополнување на непополнети работни места во Судот со судски службеници од сите категории, со обезбедување на средства за Управниот суд за нови вработувања или со спроведување постапка на мобилност преку спогодбено превземање на службеници од други државни институции.

Имајќи го предвид наведеното, а во насока на реализација на вработувања во судската служба во Управниот суд, согласно Законот за судската служба, во 2023 година беше донесен и Годишен план за вработување за 2024 година под Су-01.бр.0102-21/23 од 20.07.2023 година и истиот беше достаевн до Судскиот буџетски совет, согласно членот 22 од Законот за судската служба.

### 7.2. *Опременост и одржување на зградата на Судот*

Управниот суд своите законски утврдени надлежности, ги спроведува во деловни простории во објектот што се наоѓа на улица „Даме Груев“ бр.6 во Скопје, доделен на трајно користење без надомест на Управниот суд со Одлука Бр.44-8928/1 од 25.09.2018 година донесена од Влада на Република Македонија. Објектот се протега на површина од 2.608 м2 и на истиот по спроведена јавна набавка преземени се бројни градежни активности, заради негово реновирање и осовременување.

Зградата на Судот има осум ката, при што на третиот кат се наоѓа Кабинетот на Претседателот на судот, канцеларијата на Судскиот администратор, Канцеларија за односи со јавност, Сала за состаноци, како и канцелариите на останатите судски службеници кои ги вршат работните задачи и активности од делокругот на Судската Управа.

Сите судии кои во моментот ја вршат судиската функција во Управниот суд, располагаат со сопствени канцеларии распоредени по катови, согласно советите во кои постапуваат.

Во Управен суд во текот на 2023 година работат 30 стручни судски службеници, сместени на осмиот кат од зградата на Судот.

Воедно, во Судот функционираат и шест судски писарници, сместени во одделни канцеларии, распоредени по катови соодветно на надлежностите на советите за кои постапуваат. Одделението за прием и достава на писмена, како и судската полиција се наоѓаат во приземниот дел на објектот.

Судските службеници од дактило биро се сместени во две одделни канцеларии кои соодветствуваат на бројот на вработени дактилографи.

Судскиот службеник уписничар кој врши автоматска распределба на предмети преку АКМИС системот, својата работа ја врши во посебна канцеларија, имајќи ја предвид природата на работата.

Во зградата на Управен суд има осум современо опремени судници за одржување на усни, јавни и непосредни расправи, кои се правило согласно Законот за управни спорови ("Службен весник на РМ" бр.96/19), а со кои се овозможува доследна примена на европскиот стандард за задолжителност на јавната расправа во секоја судска постапка, поставен со членот 6 од Европската конвенција за човекови права. (право на правично судење).

Судот располага и со современа и пространа Конференциска сала за состаноци, во која се одржуваат седниците на судии, како и свечености и настани од значење за Судот.

За безбедноста на вработените и странките, се грижат пет припадници на судската полиција.

За одржување на хигиената во текот на 2023 година, се грижеше друштвото за услуги и трговија БИГОР КЛИНИНГ ДООЕЛ Скопје, кое друштво е избрано по пат на спроведена јавна набавка.

За одржување на зградата, во текот на 2023 година, се грижеше друштвото ДАКОС ГРОУП ДООЕЛ Скопје избрано по пат на јавна набавка во текот на 2022 година. По истекот на договорот во август 2023 година, спроведена е нова постапка за јавна набавка – одржување на зграда, во која како најповолен понудувач е избран економскиот оператор ЕНЕРГОИНВЕСТ ДОО Скопје.

Воедно, како изведувач ДРВО – ПРОМ ДООЕЛ од с.Databaseводвис – Зрновци, гарантира за квалитетот на изведените работи на објектот на Управниот суд од најмалку две години.

### *7.3. Состојба и активности во делот на информатичката технологија*

Во текот на 2023 година, во одделението за информатика во Судот, се спроведуваа редовни активности поврзани со употребата на АКМИС-информацискиот систем за автоматско управување со предмети, односно редовното користење и внесување на точни податоци за нивна обработка, користење на истите за генерирање на различни статистички извештаи како месечни, квартални, полугодишни, годишни, како и други извештаи за потребите на Судот. Воедно, во рамки на одделенито за информатика се пружа редовна техничка поддршка за сметководствениот програм АБМС, одржување на хардвер, подесување на параметри за програми кои се веќе инсталирани, инсталирање на нови програми, грижа за безбедносно осигурување на системот, како и заштита на податоците на повеќе локации и медиуми.

Воедно, во повеќе наврати е спроведена контрола на пристапот до компјутерската опрема и податоци, како и одржување на целата останата компјутерска опрема, пријавување на дефекти и планови за буџет за потребните материјали за функционирање на целокупниот систем. Остварени беа повремени обуки на вработените за користење, односно ракување со системот и програмите кои се во функција. Континуирано се објавуваа одлуки и други содржини на веб страницата на судот, како и во текот на целата година објавувани се огласи на огласната табла во Судот.

На интерната веб страна достапна само за вработените во Судот, континуирано се објавуваат сите акти донесени во Судот како и сите примени акти кои е потребно да бидат ставени на запознавање на вработените во Судот.

Управниот суд има потреба од вертикално поврзување со повисокиот суд кој одлучува по жалби, со цел да се олесни и подобри работата на Управниот суд како првостепен суд и на Вишиот Управен суд, како второстепен суд.

Во Управен суд, тековно се врши електронската достава на адвокатите кои се регистрирани на порталот за е-достава, но мора да се потенцира потребата од двонасочно функционирање на електорнското сандаче, од причини што истото е функционално само во еден правец, односно само за испраќање, а не и за прием на поднесоци од странките во постапките пред Управен суд.

Во изминатиот период преку спроведување и реализирање на јавни набавки за набавка на компјутерска опрема и печатарски уреди во Судот, обезбедена е нова техничка опрема која придонесе за олеснување и оптимизирање на условите за работа во Управен суд.

Потребно е да се потенцира дека во Управен суд нема неправилности по однос на распределбата на судски предмети, односно редовно се врши распределба на предметите по судии, не постои рачна распределба на предмети,

освен по претходно донесена одлука од Претседателот на судот заведена “СУ” уписник, што пак е констатирано и во Записникот од спроведениот увид во функционалноста на Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети во Управниот суд од страна на Надзорната комисија при Министерството за правда.

Со цел олеснување на пристапот на граѓаните кон официјалната веб страна на Управен суд во текот на 2023 година, беа превземени бројни активности за паралелно внесување на податоците објавени на веб страната како на македонски така и на албански јазик, како иницијални активности за примена на Законот за употреба на јазиците.

Одлуките се објавуваат континуирано без никаков значителен застој. Во текот на 2023 година објавени се вкупно 9753 одлуки.

### *7.4. Односи со јавност*

Управниот суд е транспарентен за својата работа, постојано информирајќи ја јавноста за превземените активности и дејствија од делокругот на своите надлежности, преку објави на официјалната веб страна на Судот, без да се наштети на самостојноста и независноста на Судот.

Управен суд работи во интерес на граѓаните на Република Северна Македонија, во таа насока и во текот на извештајната година продолжува со етаблирана пракса на брза и навремена комуникација со странките и граѓаните кои се обраќаат за информации во Канцеларијата за односи со јавност на Судот. Во текот на 2023 година, до Канцеларијата за односи со јавност на Управен суд се проследени 108 (сто и осум) барања од граѓани, физички и правни лица, адвокати, новинари, медиуми и по сите е постапено и одговорено на начин и во форма во која што биле поднесени, телефонски, по писмен и по електронски пат. Истите најчесто се однесуваат на информации поврзани со статусот на управно судските постапки, референтни броеви на заведени предмети по поднесени тужби, превземени дејствија во постапка, донесени одлуки и слично.

За предметите за кои постоеше поголем интерес за јавноста, овластеното службено лице за односи со јавност, телефонски и преку електронско сандаче ги даваше бараните информации и одговораше на поставените новинарски прашања, а по потреба беа објавувани и соопштенија за јавност на официјалната веб страна на Управниот суд.

Во текот на 2023 година, Претседателот на Судот м-р Бурим Сејдини, зема учество на конференции, тркалезни маси, семинари и обуки, на кои се разменуваа искуства во поглед на идентификување на предизвиците и можностите за зајакнување на управно судската заштита, а воедно ја презентираше работата и остварените цели и достигнувања на Судот.

Од 27 до 28 Ноември 2023 година, делагација на судии предводена од Претседателот на Управниот суд м-р Бурим Сејдини, оствари студиска посета во Управниот суд на Република Словенија. Оваа студиска посета е дел од проектот финансиран и подржан од регионалната канцеларија на UNHCR Скопје како дел

од иницијативата за обезбедување на квалитет во поглед на зајкнување на судската заштита на барателите на азил со посебен акцент на зајакнување на капицетите на Управниот суд за ефикасно решавање на управните спорови поврзани со азил, а се во корелација и примена на Директивите поврзани со азил.

Претседателот на Управен суд- м-р Бурим Сејдини учествуваше на Самитот за дигитализација на судството, како механизам за враќање на довербата во правосудството, кој се одржа во Охрид во текот на месец Октомври 2023 година.

### *7.4.1. Број на примени и одговорени барања по Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, начин на постапување и одговарање*

Во текот на 2023 година беа примени вкупно 24 (дваесет и четири) барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, при што позитивно е одговорено на 20 (дваесет) барања, 2 (две) барања се делумно одбиени и 2 (две) барања се отфрлени. Се работи за донесени решенија со кои е усвоено барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер. Покрај овие решенија, по повод две барања се донесени решенија со кои делумно е одбиено барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, а во останатиот дел е усвоено, а по однос на две барања се донесени решенија со кои се отфрла барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.

### *7.4.2. Објавени соопштенија за јавност, прес конференции, јавни настани, отворени денови организирани од судот*

Поради отвореност и транспарентност на работењето на Судот во текот на 2023 година јавноста континуирано се информира за работата на Управен суд, па така на официјалната веб страна на Судот покрај Годишната програма за работа на судот, годишните, месечните и кварталните извештаи за 2023 година, се објавуваат и соопштенија, известувања, јавни огласи, интерни огласи, одлуки за избор, резултати, ранг листи и сите акти кои сметаме дека треба да бидат достапни до јавноста.

На ден 22.03.2023 година, Управниот суд и Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје, согласно заедничката заложба за модерен и ефикасен правосуден систем воспоставен по највисоки европски стандарди, склучија Меморандум за соработка. Соработката ќе се одвива во рамки на законските надлежности на двете страни и ќе вклучува: ангажирање на судии од Управниот суд за вклучување во стручниот и апликативниот дел од наставата од акредитираните наставни програми на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје, учество на стручен кадар од редовните професори, вонредните професори, доценти, асистенти и демонстратори на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје во спроведување на активности за обука на вработените во Управниот суд, а организирани од страна на Управниот суд, соработка во организирање на коференции, семинари, работилници, тркалезни маси и обуки, овозможување на практиканска настава и волонтерска работа во Управниот суд за помош во спроведување на секојдневните активности, за студентите на прв и втор циклус

на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје, заедничко изготвување на анализи, стручни и научни мислења и истражувања и размена на информации и слично.

На ден 21.09.2023 година, Управниот суд и Установата за стручно образование-СЕПУГС-„Васил Антевски-Дрен“Скопје, заради олеснување и охрабрување на образовната настава, практичната и технчката соработка, склучија Меморандум за соработка. Соработката се одвива на начин што учениците од наведеното училиште посетуваат практична настава која се изведува во рамките на предметот “Учење преку работа кај работодавач“, во просториите на Управниот суд.

На ден 03.10.2023 година, Управниот суд и Установата за стручно образование-Средното економско и правно училиште на Град Скопје “Арсени Јовков“, заради олеснување и охрабрување на образовната настава, практичната и технчката соработка, склучија Меморандум за соработка. Соработката се одвива на начин што учениците од наведеното училиште посетуваат практична настава која се изведува во рамките на предметот “Учење преку работа кај работодавач“, во просториите на Управниот суд.

По повод “25-ти Октомври-Европскиот ден на правдата“, што секоја година се одбележува во сите европски држави, со цел правдата да се доближи до граѓаните и тие да бидат запознаени со нејзиното спроведување, Управниот суд го одбележа со организирање на активности, односно настан на кој беа повикани во официјална посета ученици од Средното економско и правно училиште на Град Скопје “Арсени Јовков“ кои имаа прилика преку одржано предавање од страна на Судот да се запознаат со работата, активностите и надлежностите на Управниот суд, на кое предавање учениците активно учествуваа, покажаа особен интерес пеку поставување прашања поврзани со работата на Судот и функционирање на управното судство во Република Северна Македонија.

### *7.5. Јавни набавки*

Во текот на 2023 година, спроведени се јавни набавки предвидени со Годишниот план за јавни набавки Су.02.бр.0507-1/23 од 30.01.2023 година и измените на Годишниот План Су.02.бр.0507-1/23-1 од 06.03.2023 година, Су.02.бр.0507-1/23-2 од 06.06.2023 година, Су.02.бр.0507-1/23-3 од 05.09.2023 година и Су.02.бр.0507-1/23-4 од 25.12.2023 година, со исклучок на една јавна набавка на работи – реновирање на подрумски простории за изведба на архива на Управниот суд, која е поништена.

Конкретно, спроведени се 19 (деветнаесет) од вкупно предвидените дваесет и една јавна набавка, а една постапка за групна јавна набавка е во тек.

Од предвидените и спроведени постапки за јавни набавки, десет се однесуваат на следните стоки:

- сукцесивна набавка на материјали за автоматска обработка на податоци (рамковна спогодба за 2023/2024 година);

- сукцесивна набавка на средства за одржување на хигиена-помошни средства;
- сукцесивна набавка за канцелариски и печатен материјал (рамковна спогодба за 2023/2024 година);
- сукцесивна набавка на електрична енергија за две години(рамковна спогодба за 2023/2024 година);
- сукцесивна набавка на горива и масла за моторни возила за две години(рамковна спогодба за 2023/2024 година);
- набавка на мултифункционални печатачи – фотокопири;
- набавка на делови за внатрешна регулација на топлинска станица;
- набавка на метални архивски ормари;
- набавка на информатичка опрема;
- групна јавна набавка за надоградба на софтвер за аудио и видео снимање на судски расправи и испорака на системи за аудио-видео снимање на судски расправи.

Со одлука за измена и дополнување на одлуката за спроведување на групни јавни набавки за 2023 година на Судски буџетски совет бр.02-796/4 од 20.07.2023 година, се определува Управниот суд на Република Северна Македонија да ја спроведе групната јавна набавка за надоградба на софтвер за аудио и видео снимање на судски расправи и испорака на системи за аудио-видео снимање на судски расправи за судовите во Република Северна Македонија.

Потребата од конкретната групна јавна набавка за аудио и видео снимање на судските расправи во судовите се јавува како дел од дигитализацијата на судството и претставува неопходно средство за ефикасно, ефективно и траспарентно судство и основен механизам за полесен, соодветен и еднаков пристап до правдата, а воедно претставува и законска обврска за судовите во Република Северна Македонија.

Работната група за спроведување на постапката за групна јавна набавка за надоградба на софтвер за аудио и видео снимање на судски расправи и испорака на системи за аудио-видео снимање на судски расправи за судовите во Република Северна Македонија е отпочната во септември 2023 година и се уште е во тек.

Набавката на делови за внатрешна регулација на топлинска станица е спроведена еднократно со цел регулација и ефективно користење на испораката на топлинската енергија во просториите на Судот.

Набавката на метални архивски ормари е спроведена еднократно за потребите на архивата на Судот, односно за чување и архивирање на судски предмети.

Набавката на информатичка опрема (персонални компјутери со Windows лиценци), е спроведена еднократно поради дотраеност на истата имајќи предвид дека опремата е континуирано подложна на амортизација, и имајќи ги предвид постојаните трендови во областа на технологијата кои наметнуваат потреба за унапредување на истата.

Јавната набавка на стоки - мултифункционални печатачи – фотокопири, е споведена имајќи ја предвид потребата од истите за непречено извршување на работите во Судот, како резултат на поголем број на канцеларии и судници, што имплицира и зголемен обем на работата на Судот.

Девет постапки на јавни набавки се однесуваат на следните услуги:

- Сукцесивна набавка на услуга – одржување на информатичка и друга опрема за две години (рамковна спогодба);
- Сукцесивна набавка за објавување на огласи за две години (рамковна спогодба);
- Сукцесивна набавка на услуга – одржување на службени возила за две години (рамковна спогодба);
- Сукцесивна набавка на услуга – одржување на зграда за две години со вклучени средства (рамковна спогодба) ;
- Набавка на услуга – изработка на проект за поставување на фотоволтаици;
- Набавка на услуга – изработка на проект за изведба на архива во подрумски простории за потребите на Управниот суд;
- Сукцесивна набавка за одржување на хигиена со вклучени средства за хигиена за една година;
- Јавна набавка за поправка на лифт;
- Систематски прегледи на вработени.

Јавната набавка на услуга за изработка на проект за поставување на фотоволтаици се јави како неопходна со цел поставување на фотоволтаици на кровот на судот на објектот на ул.Даме Груев бр.6 – Скопје, доделен на трајно користење на Управниот суд со Одлука на Влада на Република Северна Македонија бр.44-8928/1 од 25.09.2018 година, а поради заштеда на електрична енергија, имајќи ги предвид досегашните високи износи на фактури за испорачана електрична енергија во наведениот објект како и заштита на животната средина.

Јавната набавка на услуга за изработка на проект за изведба на архива исто така, се спроведе како неопходна заради изведба на архива во подрумските простории на Управниот суд со цел обезбедување на архивски простор за потребите на Судот согласно законските прописи и стандарди, а дотолку повеќе имајќи ја предвид надлежноста на Судот на републичко ниво, а во таа насока и обемноста на судските предмети за кои е потребен поголем простор за нивно чување и архивирање.

Две постапки на јавни набавки се однесуваат за изведување на работи:

- Јавна набавка за изведба на архива во подрумски простории на Управниот суд предвидена во две фази;

- Набавка и монтажа на фотоволтаична централа

Постапката за јавна набавка за изведба на архива во подрумски простории на Управниот суд предвидена во две фази се објави во текот на месец ноември 2023 година, меѓутоа истата е поништена од причини што конечната понуда на најповолниот понудувач беше многу повисока од предвидениот износ на средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година - раздел Судска власт за реализација на конкретната јавна набавка на договорниот орган, поради што, согласно член 114 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки, се донесе одлука за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка на работи за изведба на архива во подрумски простории на Управниот суд.

Постапката за набавка и монтажа на фотоволтаична централа на кровот на објектот на Управниот суд, се спроведе со цел заштеда на електрична енергија, по пат на искористување на обновливата соларна енергија што придонесува и за заштита на животната средина, а воедно со стекнување на статус потрошувач – производител, Судот освен што произведената електрична енергија ќе ја користи за сопствена потрошувачка, вишокот на произведената електрична енергија ќе го предава во електродистрибутивната мрежа.

## 8. *Резиме*

Од сето напреднаведено, произлегува дека Управниот суд во секоја од фазите на постапување и преземање на конкретни дејствија ги има исполнето предвидените високо поставени цели, на начин да овозможи да се достигне минимумот во времетраење на постапките,

Од особено значење е да се истакне дека во 2023 година Управниот суд го совладал приливот на решени во однос на примени предмети во текот на година та и тоа за 15%, што допринесува овој суд да биде ефикасен во своето работење.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУД**
**m-r Burim Sejdini**